# 20 нови НЕШТА

## кои можеби не ги знаете за светот на јазиците

**ГЕРМАНСКИ** и **ЛУКСЕМБУРШКИ** се единствените јазици во светот во кои именките се пишуваат со големи букви – иако некогаш ова било вообичаена пракса во многу германски јазици, како што се данскиот, шведскиот и англискиот јазик.



**ИТАЛИЈАНСКИОТ** не стана „официјален" јазик на Италија се до 2007 година! Се заснова на фирентинскиот дијалект, додека повеќето региони во Италија зборуваат на свои дијалекти/јазици (вкупно околу 30).

### РАНО УЧЕЊЕ НА ЈАЗИК

Бебиња стари само неколку часа можат да разликуваат звуци помеѓу нивниот мајчин јазик и странски јазик. Едно истражување од 2013 година покажало дека бебињата почнуваат да учат јазик уште во мајчината утробата, порано од претходно претпоставеното.

¿?

### ПОСЕБНИ ПРАШАЛНИЦИ

На шпански, прашална реченица има два прашалници: еден на крајот од реченицата, а другиот во наопачка позиција на почетокот, на пример: „¿Cómo estás?". Во грчкиот јазик јазик, точка-запирка (;) ја игра улогата на прашалник.

### КОЈ Е ОВОЈ ЈАЗИК?



Војничевиот ракопис е книга од 15 век, напишана на јазик кој никој не може да го идентификува, а камоли да го чита. Се плашам дека не можеме да дадеме резиме!

Во австралискиот Гуугу Јимитхир јазик не постојат зборови за лево или десно. Наместо тоа, луѓето користат кардинални насоки. На пример, тие би рекле: „Имаш една мравка на југоисточната нога".

Зошто некои јазици се пишуваат во различни правци? Водечката теорија е дека тоа зависи од употребените оригинални материјали за пишување. Кога се пишува со мастило, подобро е да се пишува од лево на десно со цел да се избегне валкање на раката со мастило.

На **ШВЕДСКИ**, „подарок" истовремено може да значи и оженет/омажен и отров.

!!!!

На **МАКЕДОНСКИ** „леле" може да значи „ох вау" или „боже мој" и можете да додадете толку „леле" толку што сакате. Па така, би можеле да кажете: „Леле леле леле леле – какво убаво куче!".



Европските градови се совршено место за да ја набљудувате повеќејазичната разновидност: Во Лондон, на пример, се зборуваат повеќе од 300 јазици!

Дали сте приметиле дека **CÈ** на македонски јазик започнува на С а завршува на Е?

Постојат два јазици кои не припаѓаат на индоевропската фамилија меѓутоа се поврзани меѓу себе, а тоа се унгарскиот и финскиот јазик. Се разбира, двата јазика се разделиле пред околу 6.000 години, но тие сè уште се сметаат за брат и сестра во фамилијата на фино-угрски јазици.



### КОГА ЛИЛЈАК НЕ Е ЛИЛЈАК?

На шпански, ако одреден збор ги содржи сите пет самогласки од јазикот се нарекува „murciélago" што значи „лилјак"!

**ФРАНЦУСКИОТ** бил официјален јазик на Англија повеќе од 300 години (помеѓу Нормандската победа во битката кај Хестингс (1066) и крајот на XIV век).



**МАНКС** е келтски јазик тесно поврзан со ирскиот и шкотско галскиот и се зборува само на островот Ман.



### ПРВ ЈАЗИК ВО ПЕЧАТАРСКАТА ПРЕСА

Првиот јазик што се печател бил германскиот. Печатот на Јоханес Гутенберг, развиен околу 1440 година, се смета за клучен во зголемувањето на нивото на писменост и образование на луѓето во Европа.



Со неколку исклучоци, постојат всушност само два начина да се каже „чај" во светот. Едниот е сличен на англискиот термин „tea" („té" на шпански, „tee" на африканс,...). Другата верзија е варијација на „cha" („chay" на хинди, „chá" на португалски). Двете верзии доаѓаат од Кина, но зборовите што звучат како „cha" претежно се распространиле по копнен пат, преку свилата, додека „tea", преку Холандските трговци, се проширил преку море.

### НАЈЧЕСТИ ОФИЦИЈАЛНИ ЈАЗИЦИ ВО СВЕТОТ

| | |
|---|---|
| англиски | (60 земји) |
| француски | (29) |
| арапски | (23) |
| шпански | (20) |
| португалски | (10) |
| германски | (6) |

Постојат две официјални форми на писмен норвешки јазик: bokmål (јазик на книги) и nynorsk (нов норвешки).

### ХИПОПОТОМОНСТРО-СЕСКВИПЕДАЛИОФОБИЈА

е страв од долги зборови.



**Европски ден на јазиците**
**26ти септември**

EUROPEAN CENTRE FOR MODERN LANGUAGES
ECML CELV
CENTRE EUROPEEN POUR LES LANGUES VIVANTES

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

WWW.COE.INT/EDL #COEEDL